# АРХИВСКИ ФОНДОВИ И ЗБИРКИ ВО ДРЖАВНИОТ АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ОДДЕЛЕНИЕ ТЕТОВО

Во Државниот архив на Република Македонија - Одделение Тетово од основањето во 1961 година заклучно со 2005 година згрижени се 750 архивски фондови и збирки. Најстариот сочуван документ датира од 1704 година - во Збирката документи од Тетовската каза, а најновите документи датираат од 2004/2005 година.

Богатството на фондови со кои располага Одделението даваат континурани податоци за организацијата на власта, управата и јавните служби за периодот 1918-2005 година. Сочувани се архивски фондови и документи за српската и албанската управа во Македонија, како и фондови од периодот на НРМ, СРМ и Република Македонија.

Од областа на правосудството, судските фондови нудат податоци за периодот од 1919 година до крајот на Втората светска војна.

Сочуваните фондови од областа на просветата, културата и науката пружаат континуирани податоци за периодот од 1922 до 2004 година, при што најголемиот број фондови се од доменот на просветата.

Фондовите за социјалните и здравствените аспекти на живеење пружаат податоци за периодот од 1946 до 1990 година.

За стопанскиот живот на Полошкиот регион сочувани се најголем број фондови кои пружаат податоци за периодот 1928 до 2004 година.

Сочуваните фондови од сферата на општествено-политичкото живеење, политичките организации, друштва и здруженија пружаат податоци за периодот од 1921 до 1990 година.

Сочуван е солиден број на фондови за верските организации и верските аспекти на живеење за православното и муслиманското население кои пружаат податоци за периодот од 1820 до 1944 гдоина.

Во дополнувањето на Водичот на архивски фондови и збирки 1993-2005 година во Одделението Тетово презентирани се податоци за 256 новопреземени архивски фондови и збирки.

Од сферата на управата и јавните служби презентирани се податоци за 48 новопреземени - архивски фондови за периодот 1929-1999 година.

Од областа на правосудството и воените единици, установи и организации не се преземени нови фондови.

За просветните, културните и научните установи и организации презентирани се податоци за 46 нови фондови за периодот 1921-2001 година.

Презентирани се податоци за 6 новопреземени архивски фондови од доменот на социјалното и здравствено осигурување за периодот 1946-1975 година.

Најголем број новопреземени архивски фондови се од доменот на стопанството 71 фонд за периодот 1945-2004 година.

Општествено-политичките партии, друштва и здруженија се застапени со 16 фондови и истите се однесуваат на периодот 1945-1990 година.

Семејните и личните фондови даваат податоци за значајни настани и личности од Полошкиот регион за периодот од 1905 до 1985 година - презентирани се податоци за 21 фонд. Во оваа дополна на Водичот за прв пат се презентираат податоци за семејни и лични фондови.

Презентирани се основни податоци за 15 збирки за периодот 1704-2005 година.

Во дополната на Водичот на архивски фондови и збирки на Одделението Тетово, покрај податоците за новопреземените фондови дадени се историјати и содржински податоци за 74 обработени и средени архивски фондови - збирки, за кои основни податоци се презентирани во Водичите од 1982 и 1994 година.

# ОБЈАСНУВАЊЕ И ТОЛКУВАЊЕ НА ЗНАЦИТЕ И КРАТЕНКИТЕ

Водичот на архивските фондови и збирки дава основни податоци за архивите и за архивските фондови што се чуваат во нив.

Податоците за архивските фондови и збирки се дадени за секој архив посебно.

Пред да се наведат податоците за архивските фондови и збирки на еден архив, дадена е кратка белешка, која по правило ги содржи основните податоци за Архивот (назив и адреса, време на основањето, развиток, организациска структура, територијална и фактичка надлежност, можност за давање технички услуги, услуги на читалната, работно време и сл.), потоа за бројот на архивските фондови и збирки и за општата карактеристика на архивската граѓа, за информативните средства, каталозите и сл.

Податоците што се даваат за секој архивски фонд се состојат од седум елементи:

1. Реден број на архивскиот фонд или збирка;
2. Назив на архивскиот фонд или збирка;
3. Место (седиште) на фондообразувателот (имател на фондот);
4. Распон на годините на постоењето на фондообразувателот;
5. Распон на годините на граѓата на архивскиот фонд или збирка;
6. Количество на архивската граѓа;
7. Среденост на архивскиот фонд или збирка (информативни средства).

Кај семејните и личните фондови и збирки некои од овие елементи не се застапени (под бр. 3 и 4).

Податоците за сите архивски фондови и збирки содржински и графички се оформени според единствени правила, според кои е подготвена и публикацијата.

## 1. Реден број на архивскиот фонд или збирка

Сите архивски фондови и збирки во рамките на еден архив се нумерирани со непрекината низа на арапски броеви, почнувајќи од бројот 1.

Заедно со арапскиот број што го означува Државниот архив на Република Македонија - одделението (бројки од 1 до 10), во индексите е употребен и редниот број на архивскиот фонд и збирка како сигнатура за пронаоѓање во Водичот на бараниот архивски фонд или збирка. На пример: 2.135 = (2. Историски архив Битола, архивски фонд под бр.135) или 2.616 (2. Архив на Македонија, Подрачно одделение - Битола, архивски фонд под број 616) итн.

## 2. Назив на архивскиот фонд или збирка

За назив на архивскиот фонд е земен последниот назив на фондо-образувателот (имателот). Во случај кога архивскиот фонд е познат по некој поранешен назив, даден е и тој назив.

Називите на архивските фондови, независно од тоа дали оригиналниот назив бил на некој друг јазик, се дадени на македонски јазик со големи букви:

ОПШТИНСКА УПРАВА - РАДОВИШ

За да се скрати текстот при наведувањето истородни фондови, тие се наведуваат под заеднички назив, со курзивни букви (*СЕЛСКИ РАБОТНИ ЗАДРУГИ*). Под заедничкиот назив е наведен само делот од називот на архивскиот фонд што не е опфатен со заедничкиот назив, како и местото-седиштето на фондообразователот. Секој фонд се наведува во нов ред:

*СЕЛСКИ РАБОТНИ ЗАДРУГИ*

„СТОЈАН МИНЧЕВ“ - АЛИНЦИ
„ЛАЗАР КОЛИШЕВСКИ“ - БЕЛЧЕ
„ЃОРЃИ СУГАРЕВ“ - ВАШАРЕЈЦА...

**3. Место - седиште на фондообразователот**

Местото-седиштето на фондообразователот, независно од поранешните називи, се наведува во сегашната форма, на македонски јазик. Називот на местото е напишан со големи букви, а од називот на архивскиот фонд е одвоен со цртичка:

ОПШТИНСКИ НАРОДЕН ОДБОР - ВИНИЦА

**4. Распон на годините на постоење на фондообразователот**

Распонот на годините на постоење на фондообразователот е наведен во заграда, по називот и местото-седиштето на фондообразователот:

НАРОДЕН ОДБОР НА ОПШТИНА БУКОВО (1952-1955)

Ако фондообразователот с¢ уште постои и дејствува, завршната година на неговото постоење не се прикажува:

СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ (1962 - )

Во случај кога годините на постоењето не се со сигурност установени, наместо година се става прашалник (? - 1957) или (1947 - ?)

По распонот на годините на постоење на фондообразователот се става интерпункцискиот знак точка и запирка.

**5. Распон на годините на архивската граѓа на фондот или збирката**

Податокот за распонот на годините на архивската граѓа на архивскиот фонд или збирка се наведува по податокот за распонот на годините на фондообразователот:

НАРОДЕН ОДБОР НА БИТОЛСКА ОКОЛИЈА
- БИТОЛА (1944-1965); 1944-1965;

Нецелосната сочуваност на граѓата на архивскиот фонд се изразува на следниве начини:

- Кога недостигаат почетната или завршната година на граѓата од архивскиот фонд:

ФИНАНСИСКА УПРАВА - ПРИЛЕП (1869-1912); 1882-1910

- Кога недостигаат одделни години во рамките на распонот на годините:

СЕЛСКА РАБОТНА ЗАДРУГА - ДИМОНЦЕ (1949-1953; 1949, 1951/1953)

- Кога архивската граѓа на фондот не е потполно сочувана:

ИСТРАЖЕН СУД - ТЕТОВО (1941-1944); 1942/1944;

За семејните и за личните архивски фондови се наведува само распонот на годините на граѓата.

ВЛАХОВ ДИМИТАР 1908-1950;

Кај архивските збирки, во распонот на годините на граѓата се наведува периодот кога граѓата настанала или периодот на кој таа се однесува, а не периодот кога е формирана збирката:

ЗБИРКА ФЕРМАНИ: 1646-1859;

По податокот за распонот на граничните години на граѓата на архивскиот фонд или збирка се става интерпункцискиот знак две точки.

**6. Количество на архивската граѓа**

Податоците за количеството на архивската граѓа се наведуваат по податоците за распонот на годините на граѓата на архивскиот фонд или збирка. **Количеството** се изразува во број на книги, кутии, папки и пакети:

кн. - книга
кут. - кутија

Помеѓу податокот за бројот на одделните технички заштитни единици се става интерпункцискиот знак запирка, а на крајот - точка и запирка:

ОКОЛИСКА УПРАВА - ГАЛИЧНИК (1915-1918);
1915-1918: кн. 3, кут. 6;

Под податокот за бројот на техничките заштитни единици се наведува и податокот за количеството граѓа, изразен во должински метри. По овој податок се става интерпункцискиот знак точка:

ОПШТИНСКА УПРАВА - ОРАХ (1915-1918);
1915/1918: кн. 3, кут. 1; 0,2.

Податоците за количеството на граѓа во архивските збирки се даваат во единици мерки што одговараат на специфичните видови на граѓата во збирките:

ЗБИРКА ГЕОГРАФСКИ КАРТИ, 1023 карти

**7. Среденост на архивскиот фонд или збирка (информативни средства)**

Во случај кога архивскиот фонд или збирка е во несредена состојба и не може да се користи за научни и други потреби, се наведува констатацијата „несреден“, односно „несредена“:

ОПШТИНСКА УПРАВА - Скопје (1869-1912); 1869-1912;
кн. 59, кут. 43; 6,1. Несреден.

Меѓутоа, доколку граѓата на архивскиот фонд или збирка е до одредена мера средена и може да се користи, се наведуваат податоци за средените делови од фондовите - збирките.

За средените и обработените архивски фондови и збирки, за кои во Државниот архив на Република Македонија се изработени научно-информативни средства (и евиденции што може да послужат како извор на информации за граѓата), се даваат податоци за тие средства. Податоците се состојат од називот на научно-информативното средство. Најчесто застапените евидентни и научно-информативни средства, наместо со нивните целосни називи, се прикажани со следниве кратенки:

СИ - сумарен инвентар
АИ - аналитички инвентар
ОП – опис и попис
а.е. - архивски единици
НИС - научно-информативно средство изразено во број на страници напишани на машина
НИС - ажурирано во АОП - базите - научно-информативното средство за фондот може да се пребарува компјутерски

Содржинските информации што ќе се прикажуваат за фондовите, покрај споменатите кратенки, ќе се однесуваат на историските белешки, регистрите, списоците, информациите, анализите, прегледите и сл., според разни теми.

Ако за еден архивски фонд се изработени повеќе видови информативни средства, помеѓу нив се става интерпункцискиот знак точка и запирка:

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРГОВИЈА И СНАБДУВАЊЕ - СКОПЈЕ
- (1945-1951); 1945-1951: кн. 90, кут. 161; 17,9. СИ; Р.

КОСТУРСКИ РЕВОЛУЦИОНЕРЕН РЕОН - КОСТУР
(- 1908); 1900/1903: кут. 1; 0,1. АИ.

Податоците за средeноста на фондот и за научно-информативните средства се наведуваат по податокот за количеството на архивската граѓа.

**8. Структура на Водичот на архивските фондови и збирки**

Водичот на архивските фондови и збирки на Државниот архив на Република Македонија - Централен дел - Скопје има четири дела:

А. Архивски фондови (освен семејните и личните);
Б. Семејни и лични фондови и
В. Збирки
Г. Ксерокскопирана архивска граѓа од странска провениенција

Архивските фондови и збирки се групирани според гранката на дејноста, по групи и подгрупи и периоди, а во согласност со класификациската шема, која служи како основа за распределување на архивските фондови.

Класификациската шема е од структурно-хиерархиски тип, со примена на децимален систем. Се состои од: а) назив на гранката на дејноста, групата и подгрупата во гранките и периодот, и б) ознаки со букви и бројки (симболи), со кои називите се претставени континуирано.

На корисниците на публикацијата им се препорачува, пред да пристапат кон барање на податоци за архивските фондови и збирки, да ја проучат класификациската шема, односно принципите и критериумите врз основа на кои е извршено распределувањето на архивските фондови и збирки и е воспоставен нивниот поредок во Водичот.

„Водичот на архивски фондови и збирки 1993-2005“ ја прикажува состојбата на фондовите и збирките заклучно со 2005 година.

# КЛАСИФИКАЦИСКА ШЕМА

## А. АРХИВСКИ ФОНДОВИ НА ДРЖАВНИ ОРГАНИ, УСТАНОВИ, **ЗДРУЖЕНИЈА**, ОРГАНИЗАЦИИ И ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ

### 1. УПРАВА И ЈАВНИ СЛУЖБИ

1.2. Архивски фондови до 1918
1.3. Архивски фондови 1918-1941
1.4. Архивски фондови 1941-1944
1.4.1. Народноослободителни органи
1.4.2. Окупаторски и квислиншки органи
1.5. Архивски фондови од 1944
1.6. **Локална самоуправа**

Внатре во периодите, фондовите се наведуваат по редослед на нивните територијални и вистински надлежности (од повисоки кон пониски). Архивските фондови од ист ранг се наведуваат по азбучен редослед на местото-седиштето на фондообразователот.

### 2. ПРАВОСУДСТВО

2.1. Период до 1944 г. и
2.2. Период по 1944 г.

Внатре во овие периоди, нивниот редослед е одреден по ранг, а во рамките на еднаков ранг - по азбучен редослед на називите на местото-седиштето на фондообразователот.

### 3. ВОЕНИ ЕДИНИЦИ, УСТАНОВИ И ОРГАНИЗАЦИИ

3.1. Период до 1944
3.2. Период по 1944
3.2.1. Народноослободителни единици, установи и организации
3.2.2. Окупаторски единици, установи и организации
3.3. Фондови по 1944

Внатре во периодите (и подгрупите) редоследот е одреден по ранг, односно според организациската структура на војската.

### 4. ПРОСВЕТНИ, КУЛТУРНИ И НАУЧНИ УСТАНОВИ И ОРГАНИЗАЦИИ

4.1. Просветни установи и организации
4.2. Културни установи и организации

4.3. Научни установи и организации

Внатре во подгрупите, редоследот на архивските фондови е одреден според видот и рангот на установите, а во рамките на рангот - по азбучен редослед на називите на местата-седиштата на фондообразователите.

## 5. СОЦИЈАЛНИ И ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ

5.1. Социјални установи
5.2. Здравствени установи

Внатре во подгрупите редоследот на архивските фондови е одреден според видот и рангот на установите, а во рамките на еднаков ранг - по азбучен редослед на називите на местото-седиштето на фондообразователите.

## 6. СТОПАНСТВО И БАНКАРСТВО

### 6.1. Периодот до 1944 г.

6.1.1. Банки и парични заводи
6.1.2. Стопански здруженија
6.1.3. Стопански претпријатија
6.1.3.1. Индустрија и рударство
6.1.3.2. Земјоделство и шумарство
6.1.3.3. Трговија, угостителство и туризам
6.1.3.4. Сообраќај
6.1.3.5. Други
6.1.4. Занаетчиство
6.1.5. Задруги
6.1.6. Друго

### 6.2. Периодот по 1944 г.

6.2.1. Банки и парични заводи
6.2.2. Стопански здруженија
6.2.3. Стопански претпријатија
6.2.3.1. Индустрија и рударство
6.2.3.2. Земјоделство и шумарство
6.2.3.3. Трговија, угостителство и туризам
6.2.3.4. Сообраќај
6.2.3.5. Други
6.2.4. Занаетчиство
6.2.5. Задруги
6.2.6. Друго

Внатре во групите и во подгрупите редоследот на архивските фондови е одреден по азбучен редослед на називите на местата-седиштата на фондообразователите.

## 7. ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИ ОРГАНИЗАЦИИ ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ, ДРУШТВА И ЗДРУЖЕНИЈА

7.1. Политички и општествено-политички организации
7.1.1. Напредни политички и општествено-политички организации
7.1.2. Граѓански и други организации
7.2. Сталешки корпорации
7.3. Хуманитарни друштва
7.4. Културно-просветни друштва
7.5. Уметнички друштва и здруженија
7.6. Спортски друштва и здруженија
7.7. Друго
7.8. **Невладини организации**

Редоследот на архивските фондови внатре во подгрупите е одреден според видот и рангот, а потоа по азбучен редослед на називите на местата-седиштата на фондообразователите.

## 8. ВЕРСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

**8.1. Источноправославна црква**

8.1.1. Грчката црква во Македонија
8.1.2. Бугарската егзархија во Македонија
8.1.3. Српската православна црква во Македонија
8.1.4. Македонската православна црква
8.2. Исламската верска заедница во Македонија
8.3. Евангелистичко-методистичката црква

Во рамките на подгрупите редоследот на архивските фондови е одреден според рангот, а во рамките на истиот ранг - по азбучен редослед на називите на местата-седиштата на фондообразователите.

## 9. ДРУГО

Архивски фондови што не се опфатени во класификациската шема.

## Б. СЕМЕЈНИ И ЛИЧНИ ФОНДОВИ

1. Семејни фондови
2. Лични фондови

Архивските фондови се наведени по азбучен редослед на презимињата на фондообразователите на семејните и личните фондови.

## В. ЗБИРКИ

# ИСТОРИЈАТ НА ДРЖАВНИОТ АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ОДДЕЛЕНИЕ ТЕТОВО

Државен архив на Република Македонија - Одделение Тетово, ул. „Цветан Димов“ бр. 1, 1220 Тетово, поштенски фах 216, тел./факс 044/332-209 Работно време: од понеделник до петок од 8 до 16 часот.

Организирана архивска дејност во Тетово започнува во 1951 година. Тогаш со Решение на Министерството за просвета, наука и култура бр. 4090 е основано првото Архивско средиште, кое работело во просториите на Арабати баба теќе. Десет години подоцна, на 15 декември 1961 година, Народниот одбор на Општина Тетово, донесува решение бр. 01 162262 за формирање на Историски архив Тетово. Ова име Архивот го задржува до 1965 година, кога со реорганизацијата на општествено-територијалните заедници, станува меѓуопштинска институција за општините Тетово и Гостивар, под име Историски архив за општините Тетово и Гостивар - Тетово. Архивот самостојно работи сѐ до донесувањето на Законот за архивска граѓа од 8 ноември 1990 година и тогаш се трансформира во подрачно одделение на Архивот на Македонија, а од 2001 година работи како Одделение на Државниот архив на Република Македонија - ДАРМ.

До 1965 година Архивот работи во привремено доделени простории, а потоа е сместен во адаптиран објект со вкупна површина од 320 м$^2$, од кои 260 м$^2$ се депоа опремени со сталажи и метални рафтови во должина од 1253 м.

Во рамките на Одделението Тетово, постои и работи стручна приручна библиотека. Таа нема посебна просторија и лице задолжено за библиотечниот фонд, но сепак се користи за потребите на граѓаните. Книжниот фонд, заклучно со 2005 година изнесува 2601 библиотечна единица, пред се од областа на општата и националната историја.

Денешната териоторијална надлежност на Архивот, согласно со најновата територијална поделба на единиците на локалната самоуправа, опфаќа девет општини и тоа: Тетово, Гостивар, Јегуновце, Желино, Теарце, Боговиње, Брвеница, Врапчиште и Маврови Анови - Ростуше.

# СРЕДЕНИ И ОБРАБОТЕНИ АРХИВСКИ ФОНДОВИ И ЗБИРКИ ОБЈАВЕНИ ВО ВОДИЧИТЕ ОД 1982 И 1994 ГОДИНА

## 1. УПРАВА И ЈАВНИ СЛУЖБИ

## 1.5. АРХИВСКИ ФОНДОВИ ОД 1944 г.

### *26. ОКРУЖЕН НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛЕН ОДБОР - ТЕТОВО (1945); 1945: кн. 1, кут. 1; 0,12. АИ а.е. 42, листови 214, НИС 10 стр.*

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Секретаријат (извештаи од работа на разни комисии, наредби, списоци, уверенија, известија и барања); Стопански оддел (наредби, списоци, известија); Технички оддел (известија); Оддел за социјални грижи и народно здравје (извештај и известие); Оддел за трговија и снабдување (известија); Финансов оддел (известие), Персонален оддел (список и известие), како и деловоден протокол.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

### *183. (186) ОБЛАСТЕН НАРОДЕН ОДБОР - ГОСТИВАР (1950); 1950: кн. 8, кут. 3; 0,46. АИ а.е. 195, листови 1503, НИС 63 стр.*

*Историјат на фондообразувателот:*

Во текот на 1950 година Претседателството на Президиумот на Народното собрание во два наврати врши измена и дополна на Законот за административно-територијална поделба на Македонија. Со првата измена се укинува Скопската област, а на нејзино место се основа Кумановска и се формира нова - Гостиварска област. Со оваа измена поделбата по области е следна: Битолска, Гостиварска, Кумановска и Штипска, а градот Скопје е издвоен од административно-територијалното подрачје на Кумановската област и претставува посебна административна единица.

На 23.09.1950 година Президиумот на Народното собрание на НРМ донесува нов Закон за административно-територијална поделба на НРМ со што се става вон сила Законот од 1947 година и измените и дополните од 1949 и 195о година. Со овој Закон се укинуваат областите, а со тоа престануваат да функционираат и обласните народни одбори.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Архивската граѓа се состои од записници и материјали од одржани седници на Пленумот на Обласниот одбор, седници на Извршниот одбор на Обласниот одбор, прегледи и податоци од Организационо-инструкторското одделение, записници од Комисијата за прекршоци од втор степен, записници и извештаи од Контролната комисија при Обласниот одбор и записници и материјали од повереништвата за земјоделие, за шумарство, за индустрија и занаетчиство, за државни набавки, за трговија и снабдување, за комунални

работи, за финансии, за просвета и култура, поверенство за труд, за здравство, за социјални грижи советите при поверенствата за туризам и угостителство, за сообраќај и врски, како и материјали од Синдикалната организација при Обласниот одбор и деловодни протоколи.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

## ОКОЛИСКИ НАРОДНИ ОДБОРИ

### *27. ОКОЛИСКИ НАРОДЕН ОДБОР - ГОСТИВАР (1944-1955); 1944-1955: кн.199, кут. 73; 11,3. АИ; СИ а.е. 7980, листови 71116, НИС 696 стр.*

*Историјат на фондообразователот:*

Околиските народни одбори ја започнуваат својата дејност со донесувањето на Уредбата на Министерскиот совет на Федерална Македонија од 27.11.1945 година, со која се определува бројот на територијалните подрачја и седиштата на околиските и на месните народни одбори. Територијата на Македонија е поделена на 5 окружни народни одбори, 33 околиски и 872 месни народни одбори. На територијата под надлежност на Одделението Тетово (воглавно со измени и дополнувања на законите за административно-територијална поделба) дејствувале 4 околиски народни одбори: Гостивар, Галичник, Тетово и Теарце.

Со општ закон за народните одбори донесен од Народното собрание на ФНРЈ на 25 мај 1946 година[1], народните одбори добиваат статус на највисоки органи на државната власт од локално значење, преку кои народот ја врши својата власт. Тие се избрани на основа на општото, непосредно и еднакво избирачко право со тајно гласање и донесуваат прописи во рамките на својата надлежност.

Секој околиски народен одбор има свој буџет и располага со своите приходи и расходи, а од него се подмируваат личните и материјалните трошоци на сите органи, установи и претпријатија во неговата надлежност.

Организационата поставеност на околиските народни одбори (со одредени измени) е следна: 1. Извршен одбор (составен од претседател и секретар), раководи со работата на поверенствата за земјоделие и шумарство, трговија и снабдување, комунални работи, финансии, труд, просвета и култура, народно здравје, социјални грижи, локален сообраќај и поверенство за индустрија и рударство; 2. Секретаријат, во чиј состав спаѓаат: персонален отсек, служба за евиденција, управен отсек, правна служба, катастарски отсек, воен отсек и служба за администрација; 3. Постојани комисии - Контролна, Планска и Комисија за жалби и поплаки, (по потреба се формираат и времени комисии и служби) и 4. Собир на избирачите како највисок орган.

Околиските народни одбори се трансформираат во 1952 година.
*(Историјатот се однесува на сите околиски народни одбори)*

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

[1] „Службен лист на ФНРЈ“ бр. 43/46 год.

Фондовите на околиските народни одбори најчесто содржат записници и седнички материјали од органите и телата, правилници за работа, списоци на персоналот, програмски и извештајни материјали, анализи - информации за состојбите од сите домени на дејност на одборите, решенија за основање на земјоделски, индустриски, занаетчиски, трговски, кредитни, транспортни и други претпријатија, за основање установи од сите домени на дејност на одборот (просветни, културни, здравствени, социјални и сл.), документи во врска со аграрната реформа, колонизацијата, експропријацијата, конфискацијата, национализацијата, купо-продажни договори, градежни дозволи и сл.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

***28. ОКОЛИСКИ НАРОДЕН ОДБОР - ТЕТОВО (1944 - 1965); 1944 - 1965: кн. 180, кут. 150; 18,6. АИ; СИ а.е. 14824, листови 122693, НИС 971 стр.***

## НАРОДНИ ОДБОРИ НА ОПШТИНИТЕ

***30. ВРАПЧИШТЕ (1952-1955); 1952/1955: кн.6; 0,12. СИ а.е. 6, листови 711, НИС 8 стр.***

***31. ВРАТНИЦА (1952-1955); 1952/1955: кн. 5; 0,1. СИ а.е. 5, листови 336, НИС7 стр.***

***32. ВРУТОК (1952-1955); 1952/1955: кн. 8; 0,16. СИ а.е. 8, листови 889, НИС 10 стр.***

***33. ГОРНО СЕДЛАРЦЕ (1952-1955); 1952 /1955: кн.11; 0,22. СИ а.е. 11, листови 923, НИС 13 стр.***

***34. ГОСТИВАР (1947-1953): 1947/1953: 12 кн; 0,24. СИ а.е. 12, листови 1270, НИС 14 стр.***

***35. ГРУПЧИН (1952-1955): 1952/1955: кн. 12; 0,24. СИ а.е. 12, листови 794, НИС 14 стр.***

***36. ДЕБРЕШТЕ (1952-1955); 1952/1955: кн. 10; 0.2. СИ а.е. 10, листови 863, НИС 12. стр.***

***37. ДОЛНА БАЊИЦА (195-1955); 1952/1955: кн.11; 0,22. СИ а.е. 11, листови 659, НИС 13. стр.***

***38. ДОЛНО ПАЛЧИШТЕ (1952-1955); 1952/1955: кн. 10; 0.2. СИ а.е. 10, листови 815, НИС 12 стр.***

***39. ЖИРОВНИЦА (1952-1955); 1952/1955: кн.9 ; 0,18. СИ а.е.9,***

***листови 568, НИС 12 стр.***

***189 (189). НАРОДЕН ОДБОР НА ОПШТИНА ЛАЗАРОПОЛЕ (1952-1955); 1952/1955: кн. 10; 0,2. СИ а.е. 10, листови 514, НИС 12 стр.***

***40. МИЛЕТИНО (1952-1955); 1952/1955: кн.12; 0,24. СИ а.е. 12, листови 458, НИС 14 стр.***

***41. НЕПРОШТЕНО (1952-1955); 1952/1955: кн.15; 0,3. СИ а.е. 15, листови 635, НИС 17 стр.***

***42. НИКИФОРОВО (1952-1955) ; 1952/1955: кн.10; 0,2. СИ а.е. 10, листови 681, НИС 12 стр.***

***185. (184) НАРОДЕН ОДБОР НА ОПШТИНА РОСТУШЕ (1945-1957); 1945-1957: кн. 36, кут. 3; 1. СИ а.е. 574, листови 1780, НИС 79 стр.***

***43. САРАЌИНО (1952-1955); 1952/1955: кн.16; 0,32. СИ а.е. 16, листови 481, НИС 18 стр.***

***44. СЕНОКОС (1952-1955); 1952/1955: кн.13; 0,26. СИ а.е. 13, листови 713, НИС 15 стр.***

***45. СРБИНОВО (1952-1955): 1952/1955: кн. 9; 0,18. СИ а.е. 9, листови 657, НИС 11 стр.***

***46. ТЕАРЦЕ (1952-1955); 1952/1955: кн.3; 0,06. СИ а.е. 3, листови 324, НИС 5 стр.***

***47. ТРНИЦА (1952-1955); 1952/1955: кн. 4; 0,08. СИ а.е. 4, листови 398, НИС 6 стр.***

***48. ЧАЈЛЕ (1952-1955); 1952/1955: кн. 2; 0,04. СИ а.е. 2, листови 253, НИС 4 стр.***

***49. ЧЕГРАНЕ (1952-1955); 1952/1955: кн.10: 0,2. СИ а.е. 10, листови 734, НИС 12 стр.***

***50. ШЕМШОВО (1952-1955); 1952/1955: кн.13; 0,26. СИ а.е. 13, листови 442, НИС 15 стр.***

***51. ШИПКОВИЦА (1952-1955); 1952/1955: кн. 3; 0,06. СИ а.е. 3, листови 162, НИС 5 стр.***

*Историјат на фондообразователот:*

Во 1952 година со укинувањето на месните народни одбори се формираат општински народни одбори, врз основа на Законот за поделбата на НРМ на околии, градови, градски општини и општини, Законот за спроведувањето на

реорганизацијата на народните одбори и Законот за народните одбори на општините („Службен весник на НРМ“ бр. 13/1952).

Во 1955 година се укинуваат постоечките општински народни одбори, со Указот за прогласување на Законот за подрачјата на околиите и општините на НРМ и Законот за спроведување и уредување на општините и околиите („Службен весник на НРМ“ бр. 20/1955) се укинуваат ОНО во тие места.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

## СОБРАНИЈА НА ОПШТИНИ

***52. СОБРАНИЕ НА ОПШТИНА ВРАПЧИШТЕ (1955-1962); 1955 - 1962: кн. 28, кут. 19; 2,46. СИ а.е. 3138, листови 7347, НИС 80 стр.***

***187. (188) СОБРАНИЕ НА ОПШТИНА ГОСТИВАР (1955-1990); 1955/1990: кн. 266, кут. 124; 17,72. АИ; СИ а.е. 20393, листови 81897, НИС 2066 стр.***

***53. СОБРАНИЕ НА ОПШТИНА ЖЕРОВЈАНЕ (1955-1965); 1955-1965: кн. 155, кут. 27; 5,8. СИ а.е. 4133, листови 12695, НИС 229 стр.***

***54. СОБРАНИЕ НА ОПШТИНА МАВРОВО (1955-1965); 1955-1965: кн. 55, кут. 27; 3,8. СИ а.е. 6609, листови 14437, НИС 150 стр.***

***55. СОБРАНИЕ НА ОПШТИНА САРАЌИНО (1955-1965); 1955-1965: кн. 82, кут. 21; 3,7. СИ а.е. 3673, листови 11624, НИС 168 стр.***

***57. СОБРАНИЕ НА ОПШТИНА ТЕТОВО (1944-1990); 1944/1990: кн. 281, кут. 262; 31,8. АИ; СИ а.е. 19517, листови155228, НИС 2202 стр.***

*Историјат на фондообразователите:*

Со Законот за измени на Уставот на Социјалистичка Република Македонија и Одлуката за прогласување на Уставниот закон за измани на Уставот на СРМ[2] се укинуваат околиите и околиските собранија, а на нивно место во СРМ се основаат 32 општини со Законот за подрачјата на општините во СРМ[3].

Со донесувањето на Уставот на СРМ во 1963 год. настануваат територијални и организациски промени, а општините се уредуваат како општествено-политички заедници на граѓаните. Функциите на власта и управувањето со општествените работи ги вршат претставнички тела, како општи органи на општественото самоуправување на општествено-политичките заедници и органите што им се одговорни.

[2] „Сл. Весник на СРМ“, Скопје, 25. 01. 1965 год. XXI, бр. 2, стр. 18-19; Државен архив на Република Македонија, ф. Собрание на НРМ, 1.158.8.2/8-11.

[3] „Сл. Весник на СРМ“, Скопје, 25. 01. 1965 год., XXI, бр. 2, стр. 19-27; Државен архив на Република Македонија, ф. Собрание на НРМ, 1.158.8.3/12-33.

Претставничко тело на општината е Собранието, кое образува политичко-извршни органи и органи на управата на Собранието.

Општинското собрание го сочинуваат Општинскиот собор и Соборот на работните заедници со еднаков број членови, кој се утврдува со Статут на општината.

Членовите на Општинскиот собор ги избираат граѓаните непосредно, а членовите на Соборот на работните заедници ги избираат работните луѓе на подрачјето на општината.

Работите од своја надлежност општинското собрание ги врши на седници (заеднички седници и посебни седници на соборите).

Извршните функции по правило се вршат преку советите, а управните преку органите на управување-организациски единици.

Општинските собранија образуваат постојани и повремени комисии.

За обезбедување финансиски средства и унапредување на стопанските и други дејности општинските собранија образуваат фондови раководени од управни одбори.

Општинските собранија се конституирани на 1.2.1965 година и егзистираат до 14.9.1996 година, односно до донесувањето на Законот за територијална поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа[4].

*Архивскаӣа ӣраѓа е на македонски јазик.*

## МЕСНИ НАРОДНИ ОДБОРИ

***58. БАЛИНДОЛ (1945-1950); 1946/1950: кн.7 ; 0,14. СИ а.е. 7, лисӣови 487, НИС 9 сӣр.***

***61. БОГОВИЊЕ (1945-1952); 1946/1952: кн. 23; 0,46. СИ а.е. 23, лисӣови 968, НИС 26 сӣр.***

***191. (192) БОЛЕТИН (1945-1952):1946/1950: кн. 19; 0,38. СИ а.е. 19, лисӣови 523, НИС 21 сӣр.***

***439. (481) ВРАПЧИШТЕ (1945-1952); 1945/1952: кн. 22; 0,44. СИ а.е. 22, лисӣови 2654, НИС 24 сӣр.***[5]

***247. ВРАТНИЦА (1946-1952); 1946/1952: кн. 11; 0,22. СИ а. е. 11, лисӣови 433, НИС 13 сӣр.***[6]

[4] „Сл. весник на Република Македонија“, Скопје, 14 септември 1996 година LII, бр. 49, стр. 2757-2770.

[5] Во Водичот од 1994 година поради технички пропуст под реден број на фондот 481 е запишано Општински синдикален совет Гостивар, а Општинскиот синдикален совет Гостивар е под реден број 389

[6] Во Водичот од 1994 година поради технички пропуст фондот не е објавен.

***467. ВРУТОК (1945-1952); 1945/1952: кн. 1; 0,22. СИ а. е. 11, листови 1223, НИС 13 стр.***[7]

***194. (195) ГАЛИЧНИК (1945-1952); 1945/1952: кн. 14; 0,28. СИ а.е. 14, листови 573, НИС 16 стр.***

***65. ГЛОЃИ (1946-1952); 1946/1952: кн. 7; 0,14. СИ а.е. 7, листови 322, НИС 9 стр.***

***66. ГОЛЕМА РЕЧИЦА (1946-1952); 1946/1952: кн. 13; 0,26. СИ а.е. 13, листови 982, НИС 15 стр.***

***67. ГРАДЕЦ (1945-1952); 1945/1952: кн. 16; 0,32. СИ а.е. 16, листови 963, НИС 18 стр.***

***69. ГРГУРНИЦА (1947-1952); 1947/1952: кн.5: 0,1. СИ а.е. 5, листови 358, НИС 7 стр.***

***71. ЃУРЃЕВИШТЕ (1945-1950); 1946/1950: кн. 5; 0,1. СИ а.е. 5, листови424, НИС 7 стр.***

***472. ДЕБРЕШТЕ (1945-1952); 1946/1952: кн. 10; 0,2. СИ а. е. 10, листови 1238, НИС12 стр.***[8]

***73. ДОБРИДОЛ (1945-1952); 1946/1952: кн. 16; 0,32. СИ а.е. 16, листови 980, НИС 18 стр.***

***74. ДОБРОШТЕ (1945-1952); 1946/ 1952: кн. 21 ; 0,42. СИ а.е. 21, листови 820, НИС 24 стр.***

***76. ДУФ (1945-1952); 1945/1952: кн. 17; 0,34. СИ а.е. 17, листови 713, НИС 19 стр.***

***195 (196). ЖИРОВНИЦА (1945-1952); 1945/1952: кн. 28; 0,56. СИ а. е. 28, листови 1398, НИС 31 стр.***

***82. ЈАНЧИШТЕ (1945-1952); 1945/1952: кн. 36; 0,62. СИ а.е. 36, листови 840, НИС 40 стр.***

***84. КАЛИШТЕ (1945-1952); 1945/1952: кн. 11; 0,22. СИ а.е. 11, листови 533, НИС 13 стр.***

***85. КАМЕЊАНЕ (1945 - 1952); 1946/1952: кн. 22; 0, 44. СИ а.е. 22, листови 1206, НИС 25 стр.***

[7] Во Водичот од 1994 година поради технички пропуст под реден број на фондот 467 е објавен фондот ИГМ „Вардар“ - Гостивар, кој фактички во Регистарот е фонд број 256.

[8] Во Водичот од 1994 година поради технички пропуст фондот не е објавен.

***86. КОРИТО (1945-1952); 1946/1952: кн. 13; 0,26. СИ а.е. 13, листови 563, НИС 15 стр.***

***87. ЛАКАВИЦА (1945-1952); 1946/1952: кн. 11; 0,22. СИ а.е. 11, листови 704, НИС 13 стр.***

***90. ЛЕШОК (1945-1952); 1945/1952: кн. 12; 0,24. СИ а.е. 12, листови 188, НИС 14 стр.***

***91. МАВРОВИ АНОВИ (1945-1950); 1946/1950: кн.10; 0,2. СИ а.е. 10, листови 753, НИС 12 стр.***

***93. НЕРАШТЕ (1945-1950); 1945/1950: кн.19: 0,38. СИ а.е. 19, листови 527, НИС 21 стр.***

***94. НОВО СЕЛО (1945-1950); 1946/1950: кн. 21; 0,42. СИ а.е. 21, листови 636, НИС 24 стр.***

***96. ПАДАЛИШТЕ (1946-1952); 1946/1952: кн. 24; 0,48. СИ а.е. 24, листови 873,НИС 27 стр.***

***483. ДОЛНО ПАЛЧИШТЕ (1947-1950); 1947/1950: кн. 19; 0,38. СИ а. е. 19, листови 431, НИС 22 стр.***[9]

***102. РАКОВЕЦ (1945-1947); 1945/1947: кн. 5 ; 0,1. СИ а.е. 5, листови 140, НИС 7 стр.***

***103. РАОТИНЦЕ (1945-1950); 1945/1950: кн. 23; 0, 46. СИ а.е. 23, листови 526, НИС 25 стр.***

***105. РЕЧАНЕ (1945-1952); 1945/1952: кн. 24; 0, 48. СИ а.е. 24, листови 330, НИС 27 стр.***

***199 (200). РИБНИЦА (1947-1952); 1947/1952: кн. 6; 0,12. СИ а. е. 6, листови 143, НИС 8 стр.***

***106. СЕДЛАРЕВО (1945-1952); 1945/1952: кн. 9; 0,18. СИ а.е. 9, листови 641, НИС 11 стр.***

***107. СИМНИЦА (1945-1952); 1945/1952: кн. 15: 0, 3. СИ а.е. 15, листови 1248, НИС 17 стр.***

***109. СЛАТИНО (1945-1950); 1945/1950: кн. 22; 0,44. СИ а.е. 22, листови 667, НИС 25 стр.***

***113. ТРНОВО (1947-1950); 1947/1950: кн. 10; 0,2. СИ а.е. 10, листови 738, НИС 12 стр.***

[9] Во Водичот од 1994 година поради технички пропуст фондот не е објавен.

*Организациска структура:* Пленум на Месниот народен одбор и Извршен одбор составен од претседател, секретар и еден одборник.

*Историјат на фондообразователите:*

Месните народни одбори се формирани во 1945 година врз основа на Уредбата за определување на бројот, територијалните подрачја и седиштата на околиските и месните народни одбори, донесена од страна на Министерскиот совет на Федерална Македонија од 21 ноември 1945 година („Службен весник на ФМ" бр. 24/45 год.). Со Уредбата се укинати општинските народни одбори, а на нивното место и на местото на поранешните НОО се формираат месни народни одбори. Месните народни одбори се реорганизираат во општински народни одбори врз основа на Законот за поделбата на НРМ на околии, градови, градски општини и општини, Законот за спроведување на реорганизацијата на народните одбори и Законот за народните одбори на општините[10].

Некои од месните народни одбори се укинуваат во 1950 година врз основа на Законот за административно-територијалната поделба на НРМ[11].

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

- помош за НО војска со храна и облека, организирање исхрана за населението, воведување задолжителен откуп на сите земјоделски производи;
- поправки на патиштата, мостовите и зградите на семејствата на паднатите борци, податоци за бројот на крупен и ситен добиток и за површините засеани со земјоделски производи;
- планирање на производството со разни култури и нормирање на цените на земјоделските производи;
- колонизирање на заслужните и на сиромашните семејства во Војводина; формирањето и работата на аграрните комисии и експропријацијата на имоти;
- отворање аналфабетски и општообразовни курсеви;
- помош во формирањето селските работни задруги;
- отворање читалишта и библиотеки и
- записници и материјали од одржаните седници на пленумите, одборите, извршните одбори и на комисиите - најмногу се третирани прашањата во врска со формирањето селски земјоделски задруги, есенските сеидби, како и прибирањето и сместувањето на добиточната храна.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

***186 (187). ОКОЛИСКА УПРАВА ЗА ПАТИШТА - ТЕТОВО (1953-1956); 1953/1956: кн. 1; 0,02. СИ а.е. 1, листови 197, НИС 3 стр.***

[10] „Службен весник на НРМ" бр. 13/52
[11] „Службен весник на НРМ" бр. 28/50

## 2. ПРАВОСУДСТВО

## 2. 2. АРХИВСКИ ФОНДОВИ ПО 1944

### *226. (451) ОКОЛИСКИ (ОПШТИНСКИ ) СУД - ГОСТИВАР (1945-1996); 1945/1980: кн. 219; 4,38. СИ а. е. 219, листови 36.810, НИС 230 стр.*

*Историјат на фондообразувателот:*

Околискиот суд во Гостивар е основан и почнал со работа во текот на 1945 година (не постојат акти за основање). Од основањето па сé до средината на 1964 год. го носи називот *Околиски суд Гостивар*, а потоа, е преименуван во *Општински суд Гостивар*. Организационата структура на судот била следна: Претседател на судот, судии, управител на централна судска писарница, извршител, сметководител, дактилографи и канцелариски работници. Постојат кривично и граѓанско одделение. Во граѓанското одделение влегуваат оставински, вонпарничен и извршен отсек.

*Содржински податоци за архивската граѓа*

Архивската граѓа се состои од книги: уписници и регистри за кривични, парнични, оставински, извршни и предмети за заверка, како и платни налози и картици од кривичното и извршното одделение.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

### *227. (452) ОКОЛИСКИ СУД - ТЕТОВО (1945-1964): 1945/ 959: кн. 81, кут. 11; 2,72. СИ а.е. 3236, листови 17913, НИС 150 стр.*

*Историјат на фондообразувателот:*

Во 1945 година е основан *Околискиот суд Тетово,* но во почетниот период работел под назив Околиски народен суд Тетово. Како Околиски суд работел до 1964 година. Организационата структура била следна: граѓанско, кривично, оставинско, вонпарнично и извршно одделение. Постоел претседател на судот, судии, писарница и службеници. Судиите образувале седум совети. Во пресудите покрај судиите значајно место завземале и граѓани кои учествуваат како судии поротници. Постоела и судска писарница.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Архивската граѓа се состои од списи (парнични и вонпарнични предмети) и книги (уписници и регистри од кривично, граѓанско - парнично, оставинско одделение) и книги за заверка и извршни предмети.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

## 7. ОПШТЕСТВЕНО - ПОЛИТИЧКИ ОРГАНИЗАЦИИ ДРУШТВА И ЗДРУЖЕНИЈА

### 7.1.1. Општествено политички - организации

***450. (489) ОПШТИНСКИ (ГРАДСКИ ) ОДБОР НА СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА БОРЦИ ОД НОВ ТЕТОВО (1948-1965); 1948-1965: кут. 2; О,2. СИ а.е. 389, листови 1006, НИС 14 стр.***

*Сосдржински податоци за архивската граѓа:*

Фондот содржи записници од одржани состаноци на Претседателството, Извршниот одбор и Секретаријатот на Одборот, потоа записници од работата на постојаните и повремените комисии, записници од одржани конференции, записници од пленуми, записници од работата на месните организации и записници од работата на координациното тело и секциите при Одборот.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

# П Р Е Г Л Е Д
# НА АРХИВСКИТЕ ФОНДОВИ И ЗБИРКИ ВО ДРЖАВНИОТ АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ОДДЕЛЕНИЕ ТЕТОВО 1993-2005 ГОДИНА

## А. АРХИВСКИ ФОНДОВИ НА ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ, УСТАНОВИ, ЗДРУЖЕНИЈА, ОРГАНИЗАЦИИ И ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ

### 1. УПРАВА И ЈАВНИ СЛУЖБИ

### 1.3. АРХИВСКИ ФОНДОВИ 1918-1941

***495. (703) ОПШТИНА ЛАЗАРОПОЛЕ - ЛАЗАРОПОЛЕ (1929-1939); 1929, 1934, 1935, 1939: кн.2; 0,04. ОП.***

### 1.5. АРХИВСКИ ФОНДОВИ ПО 1944

***496. (755) ГРАДСКИ НАРОДЕН ОДБОР - ГОСТИВАР (1944-1955); 1944/1955: кн.53; 1. СИ а. е. 53, листови 6767, НИС 57 стр.***

### МЕСНИ НАРОДНИ ОДБОРИ

***497. (563) БРОДЕЦ (1945-1950); 1946/1950: кн.1, кут.1; 0,05. ОП.***

***498. (559) ГАЈРЕ (1947-1952); 1947/1952: кн.1, кут.1; 0,04. ОП.***

***499. (558) ГАЛАТЕ (1945-1947); 1946: кут.1; 0,04. ОП.***

***500. (578) Г. СЕДЛАРЦЕ (1946-1952); 1946/1 952: кн.17; 0,34. СИ а.е. 17, листови 519, НИС 19 стр.***

***501. (754) ГОСТИВАР (1946-1952); 1946/1952: кн.26; 0,52. СИ а.е. 26, листови 3516, НИС 29 стр.***

***502. (557) ГРУПЧИН (1945-1952); 1945-1952: кн.34, кут.1; 1. СИ а.е. 34, листови 1022, НИС 37 стр.***

***503. (562) ДОЛНА И ГОРНА БАЊИЦА (1945-1952); 1945-1952: кн.25, кут.1; 0,8. ОП.***

***504. (569) КРАКОРНИЦА (1947-1952); 1947-1952: кн.2, кут.1; 0,34. СИ а.е. 2, листови 65, НИС 4 стр.***

***505. (561) ЛАЗАРОПОЛЕ (1945-1952); 1945/1952: кн.9, кут.1; 0,5. ОП.***

***506. (564) ЛАРЦЕ (1946-1950); 1946: кут.1; 0,01. ОП.***

***507. (560) ЛИСЕЦ (1946-1949); 1946/1949: кн.2, кут.1; 0,34. ОП.***

